Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-136/1
Датум: 23-01-2025

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 788/1 од 27.12.2024 година, поднесена од [redacted] од Делчево против [redacted] Национална Установа Центар за култура "Никола Јонков Вапцаров" - Делчево, за заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**за отфрлање на претставка**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–788/1 од 27.12.2024 година, поднесена од [redacted] од Делчево против [redacted] на Национална Установа Центар за култура "Никола Јонков Вапцаров" – Делчево, **ПОРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 27.12.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст „**Комисијата**") беше поднесена претставка од [redacted] од Делчево, за заштита од дискриминација сторена од страна [redacted] на Национална Установа Центар за култура "Никола Јонков Вапцаров" – Делчево (во понатамошниот текст: НУ Центар за култура "Никола Јонков Вапцаров" - Делчево).

Во претставката подносителката наведува дека имала аплицирано на јавен оглас за вработување во НУ Центар за култура "Никола Јонков Вапцаров" – Делчево за работно место – Самостоен референт – сметководител, Административна служба. По завршување на законски спроведена постапка , со поминати сите фази на селекција предвидени со Закон за административни службеници, највисоко бодувана, од страна на Агенција за администрација именуваната наведува дека била допуштена за вработување во наведената установа уште од 08.07.2024 година. Посочува дека до денот на поднесување на претставката раководното лице на установата немало извршено избор од нему познати причини, непостапувајќи согласно член 45 од Закон за административни службеници. Со претставката подносителката бара нејзиното право на врботување да биде извршено, а Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да му наложи [redacted] на НУ Центар за култура "Никола Јонков Вапцаров" – Делчево да ја потпише одлуката за нејзин избор на горенаведеното работно место.

По разгледување на претставката и списите приложени кон истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај нема надлежност за постапување, а во согласност со член 21 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Имено, Комисијата е надлежна за постапување во случаи кога подносителот на претставката ќе стори веројатно дека поради одредена негова заштитна карактеристика – дискриминаторка основа истиот бил односно е дискриминиран споредено со друго лице или група на лица во иста или слична фактичка ситуација.

Со оглед на наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја упатува подносителката да побара и оствари заштита на своите права од работен однос пред надлежните институции, односно Агенцијата за администрација, Државниот инспекторат за труд и Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Како што следи, се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје,
23.01.2025 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- Архива на КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk